РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08 - 994/7
15. 05. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото Компјутерско инженерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото Компјутерско инженерство на Република Северна Македонија, на својата 56 седница одржана на 10.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерско инженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерско инженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо Компјутерско инженерство*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран по компјутерско инженерство /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in Computer engineering

Научно - истражувачко подрачје: 1 - Природно математички науки 2 - Техничко технолошки науки; Начно – истражувачко поле: 110 - Информатика 212 - Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 11000 - Информатика 11002 - Информациони системи и програмирање 11003 - Програмски јазици и системи 11005 - Вештачка интелигенција 11007 - Алгоритми 11008 - Оптимизација 11009 - Симулација 11010 - Развивање на софтвер и бази на податоци 11011 - друго 21200 – Архитектура на сметачки машини 21201 - Програмски јазици и технологии 21202 - Информациони системи и мрежи 21203 - Бази на податоци 21204 - Обработка на информации 21205 Вештачка интелегенција 21206 - Процесирање на податоци 21207 - Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-2136/5 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Компјутерско инженерство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото Компјутерско инженерство, односно до Одборот за акредитација на високото Компјутерско инженерство, достави барање со нивен бр.03-2136/7 од 23.09.2022 година (наш бр. 08 - 994/1 од 04.10.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото Компјутерско инженерство, орган на Агенција за квалитет во високото Компјутерско инженерство, на 44-та седницата одржана на 19.10.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 994/6 од 27.04.2023 година, согласно Законот за високо Компјутерско инженерство*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото Компјутерско инженерство („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото Компјутерско инженерство, на својата 56-та седница одржана на 10.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова